21359

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping · press-clipping
(Osnovano 1952 godine)
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
29. I. 1974

# Вистински простори

*Културата на масите или масовната култура сè повеќе го зазема просторот за квалитетно популаризирање. Времето на затворената култура, херметички создавана, она време кое презентираше културни добра наменети само за културните работници, се чини, одминува изморено и многу, многу незадоволно од самото себе си. Тесниот и омеѓен простор на таквата култура експлодира од сопствената неотпорност и неодржливост.*

*Времето на вистинската и прифатлива култура допрва набујало настапува. Тоа време е наше и сегашно, ние го осмислуваме и му го даваме толку нужниот и побаруван белег на нашето културно ниво. Омеѓаностите и затвореностите бледнеат, се изгубуваат во далечините зад нас, ги опоменуваме често, но не како тажаленка, туку како искуство од кое го извлекуваме позитивниот поен и го црпиме сознанието за она што треба да го спростриме како перманентна акција, активност, ангажираност, творештво.*

*Чинот на себепрепознавањето и на времепрепознателноста е на линија на вртоците. Сè почнува со силни неотпорности, но и со длабоко уверување. Ќе се почне и ќе се истрае.*

*Првичните примери на кои го градиме сопственото искуство и сознание се повеќе од охрабрувачки. Тие говорат дека масовната култура не е некоја категорија вештачки измислена и создадена. Тие примери исто така силно нè уверуваат дека масовните консуматорски маси — културата ја ползуваат токму онака како што е и понудена. Ако досега sидот бил премногу висок за да се прескокне, сега пак — тој sид се изравнува и тешко ќе може повторно да се воздигне!*

*Но, да ги посочиме тие првични примери, да ги потенцираме како наша сила.*

*Од Прилеп очекуваат неочекувани вести. Народниот театар се најде, по сила на приликите, под отворено небо. Работата беше прекината. Артистите се повлекоа, но само за кусо време, додека беа преземени првите акции. Во немање на сопствена театарска сцена — тие својата вистинска сцена ја открија во просториите на фабриките и работните колективи. Впечатокот е задоволувачки. Пречекани се со големо задоволство, се прифатени како уметници кои секогаш биле блиски на публиката. Велат — голем број од таа публика никогаш не сме ја виделе во нашата театарска сала. Овде ја откривме и видовме дека е благородна публика! И ако се поправи театарот — започнатото нема да го прекинеме.*

*Музејот на современата уметност од Скопје веќе неколку години има своја програма за континуирано присуство меѓу работните луѓе во средината во кои работат и живеат. Неколкуте подвижни изложби што беа отворени во повеќе поголеми работни колективи во Скопје и во Републиката — покажаа дека уметноста, често критикувана и несфатена, и уште како можно комуницира со масовната публика.*

*Повеќе сликари од Скопје подолго време преземаат акции за постојано присуство меѓу работните луѓе. Еден од нив, академскиот сликар Симон Шемов, веќе неколкупати по ред се обидува своето ателје да го пресели под отворено небо, а своите идеи да ги оствари на лице место. Неговата акција е успешна — црта на улица, по скопските тротоари, го обликува слободниот простор и го свртува вниманието на љубопитното око на најобичниот минувач. Целта е постигната — односот со публиката е воспоставен, комуникацијата е единствена.*

*Културно-просветната заедница на Македонија се наоѓа на почетокот на една голема и мошне добра замислена едногодишна културна акција на село. Изготвена е обемна програма за акцијата — да се обноват сите самодејности, да се поттикнат луѓето на активирање во културата, да се возобноват културните домови, културата да стане составен дел на живеењето итн.*

*Примерите очевидно говорат за новите квалитативни раздвижувања во нашите средини. Исто така силно уверуваат дека масовната култура — е вистинската култура. Значи, треба да се почне — а резултатите се непобитни.*

**Петре БАКЕВСКИ**